Рев1.бр.197/2017

ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ВРХОВНИОТ СУД НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, во совет составен од судиите: Киро Здравев - претседател на советот, Мирјана Радевска Стефкова, Беса Адеми, Снежана Ѓорѓиеска Зекирија и Надица Андреева - членови на советот, во правната работа на тужителот Друштво за производство и дистрибуција на топлинска енергија Топлификација АД Скопје, против тужениот Друштво за производство на електрична и топлинска енергија ТЕ-ТО АД Скопје, за долг, вредност на спорот 383.623.254,00 денари, одлучувајќи по ревизијата на тужителот изјавена преку полномошникот Александар Димитриевски, адвокат од Скопје, против пресудата на Апелациониот суд Скопје ТСЖ-133/17 од 22.05.2017 година, на седницата одржана на ден 27.12.2017 година, донесе:

## П Р Е С У Д А

Ревизијата на тужителот, СЕ УСВОЈУВА.

Пресудата на Апелациониот суд Скопје ТСЖ-133/17 од 22.05.2017 година, и решението за парнични трошоци кое е содржано во истата, СЕ ПРЕИНАЧУВААТ и СЕ ПРЕСУДУВА:

Жалбата на тужениот, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНА.

Пресудата на Основниот суд Скопје II Скопје ТС-212/16 од 02.11.2016 година, СЕ ПОТВРДУВА.

СЕ ЗАДОЛЖУВА тужениот да му ги надомести на тужителот трошоците на постапката во вкупен износ од 218.576,00 денари, во рок од 8 дена по приемот на пресудата.

Поголемото барање на тужителот за надомест на трошоци над досудениот износ, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНО.

## О б р а з л о ж е н и е

Основниот суд Скопје II Скопје со пресуда ТС-212/16 од 02.11.2016 година, делумно го усвоил тужбеното барање на тужителот и го задолжил тужениот да му плати на тужителот долг во износ од 383.623.254,00 денари со законска казнена камата во висина на референтната стапка на Народна банка на Република Македонија што за секое полугодие важела на последниот ден на тековното полугодие зголемена за десет процентни поени и тоа на износ од 78.378.138,00 денари, сметано од 26.02.2012

година до исплатата, на износ од 120.767.517,00 денари сметано од 26.02.2012 година до исплатата, на износ од 27.604.620,00 денари сметано од 22.02.2011 година до исплатата, на износ од 9.211.770,00 денари сметано од 30.12.2011 година до исплатата, на износ од 33.140.000,00 денари сметано од 19.07.2011 година до исплатата, на износ од 39.038.733,00 денари сметано од 29.12.2011 година до исплатата, на износ од 60.152.086,00 денари сметано од 29.12.2011 година до исплатата, на износ од 9.211.770,00 денари сметано од 29.11.2011 година до исплатата, на износ од 6.118.620,00 денари сметано од 19.07.2011 година до исплатата, како и да му ги надомести процесните трошоци во вкупен износ од 276.014,00 денари, се во рок од 8 дена од приемот на пресудата. Делот од тужбеното барање на тужителот за исплата на законска казнена камата во висина на на референтната стапка на Народна банка на Република Македонија што за секое полугодие важела на последниот ден на тековното полугодие зголемена за десет процентни поени и тоа на износ од 78.378.138,00 денари, сметано од 25.02.2012 година до 26.02.2012 година, на износ од 120.767.517,00 денари сметано од 25.02.2012 година до 26.02.2012 година, на износ од 27.604.620,00 денари сметано од 21.02.2011 година до 22.02.2011 година, на износ од 9.211.770,00 денари сметано од 29.12.2011 година до 30.12.2011 година, на износ од 33.140.000,00 денари сметано од 18.07.2011 година до 19.11.2011 година, на износ од 39.038.733,00 денари сметано од 28.12.2011 година до исплатата, на износ од 60.152.086,00 денари сметано од 28.12.2011 година до 29.12.2011 година, на износ од 9.211.770,00 денари сметано од 28.11.2011 година до 29.12.2011 година, на износ од 6.118.620,00 денари сметано од 18.07.2011 година до 19.08.2011 година, судот го одбил како неосновано.

Апелациониот суд Скопје со пресуда ТСЖ-133/17 од 22.05.2017 година, жалбата на тужениот ја усвоил, а пресудата на Основниот суд Скопје II Скопје ТС-212/16 од 02.11.2016 година, во обжалениот дел под став 1 и став 2 од изреката ја преиначил и пресудил на начин што тужбеното барање на тужителот со кое барал да се задолжи тужениот да му плати на тужителот долг во износ од 383.623.254,00 денари со законска казнена камата во висина на референтната стапка на Народна банка на Република Македонија што за секое полугодие важела на последниот ден од полугодието што му претходело на тековното полугодие зголемена за десет процентни поени на износи поединечно наведени со дати на стасаност како во изреката на пресудата како и да му ги надомести парничните трошоци во постапката го одбил како неосновано. Со решение судот го преиначил решението за парнични трошоци содржано под став 2 од изреката на пресудата на Основниот суд Скопје II Скопје ТС-212/16 од 02.11.2016 година и одлучил на начин што го задолжил тужителот да му ги надомести на тужениот парничните трошоци во постапката во вкупен износ од 280.072,00 денари во рок од 8 дена по приемот на решението, а под страв на присилно извршување. Поголемото барање на тужениот за надомест на парнични трошоци во постапката и тоа за разликата од досудените во износ од 280.072,00

денари до предјавените во износ од 376.722,00 денари, судот го одбил како неосновано. Судот го задолжил тужителот да му ги надомести на тужениот трошоците сторени во жалбена постапка во вкупен износ од 145.701,00 денари во рок од 8 дена по приемот на решението, а под страв на присилно извршување.

Против второстепената пресуда ревизија изјави тужителот поради погрешна примена на материјалното право со предлог ревизијата да се усвои, а побиваната пресуда да се преиначи на начин што жалбата на тужениот да се одбие како неоснована во целост, а првостепената пресуда да се потврди и тужениот да се задолжи со трошоци на постапката.

Тужениот, преку полномошникот Адвокатско друштво Чукиќ и Марков од Скопје, поднесе одговор на ревизија и дополнување на одговорот на ревизија, со кои во целост ги побива наводите истакнати во ревизијата на тужителот и предлага истата да се одбие како неоснована, а тужителот да се задолжи со трошоци сторени по повод поднесениот одговор на ревизија.

Врховниот суд на Република Македонија по проучување на списите во предметот, наводите во ревизијата и одговорот на ревизија, испитувајќи ја побиваната пресуда во смисла на член 377 став 3 од Законот за парничната постапка, најде:

Ревизијата е основана.

Основан е наводот во ревизијата за погрешна примена на материјалното право.

Второстепениот суд, одлучувајќи за основаноста на тужбеното барање на тужителот, ги применил одредбите го член 66 став 1, став 2 и став 4, член 545 став 1 и член 550 став 1 од Законот за облигационите односи, при што ја преиначил првостепената пресуда и го одбил тужбеното барање на тужителот како неосновано. Притоа второстепениот суд образложил дека тужителот не може со предметната тужба да бара исплата на долг по договорите за заем кои ги склучил со тужениот од причина што со потпишување на Договорот за заем бр.01(2007) од 19.10.2007 година, неговиот додаток бр.1 од 25.12.2007 година и Интеркредитниот договор склучен со LANDES BANKA BERLIN (LBB) и Комерцијална банка АД Скопје, истиот се согласил со условите предвидени во тие договори, а со тоа се согласил дека неговите права и барања, во однос на заемот кој му го дал на сега тужениот или врз основа на други законски основи, ќе бидат целосно одложени и субординирани спрема приоритет на целосна исплата на сите обврски према двата приоритетни заеми.

По наоѓање на овој суд, одлучувајќи на наведниот начин, второстепениот суд погрешно го применил материјалното право, ако се

има предвид утврдената фактичка состојба, на што основано се посочува во ревизијата.

Имено, во текот на постапката од изведените докази било утврдено дека тужителот како акционер кај тужениот со 20% од вкупниот број на акции, заедно со останатите акционери, на Седницата на Собранието на акционери на тужениот одржана на 15.10.2007 година, гласал за донесување на одлука за одобрување за склучување на договор за кредит со LANDES BANKA BERLIN (LBB) од Германија, со цел финансирање на обврските по договорот број 4-01-4 од 11.05.2007 година, за кредит во износ од 106.020.118 евра по што Собранието на акционери го задолжило Надзорниот одбор на тужениот да донесе одлука со која на Претседателот на Управниот одбор му се дава овластување за потпишување на договорот во негово име. Наведената одлука е едногласно донесена, со цел обезбедување на средства за покривање на обврските на тужениот кон главниот изведувач и за отплата на кредитот за мостно финансирање во текот на изградбата на електраната ТЕ-ТО. Исто така на наведената седница на Собранието на акционери донесена е едногласно и одлуката за одобрување на давање на постоечкиот подвижен и перспективниот подвижен и недвижен имот на ТЕ-ТО под залог како услов за потпишување на договорот за кредит со LANDES BANKA BERLIN (LBB), а Надзорниот одбор е задолжен да донесе одлука со која ќе го овласти претседателот на Управниот одбор да го реализира заложувањето како услов за склучување на договор со LANDES BANKA BERLIN (LBB). На ден 19.10.2007 година, бил склучен Договор за заем бр.01(2007), помеѓу сега тужениот како заемопримач и LANDENS BANKA BERLIN LBB, во кој во член 2 е наведено дека заемодавачот му одобрува на заемопримачот заем во евра што не ја надминува сумата од 106.020.118 евра. На ден 25.12.2007 година, бил склучен додаток број 1 на Договорот за заем бр.01(2007), во кој во член 14.8 е наведено дека заемопримачот се согласува дека сите заеми на акционерите ќе бидат подредени на овој заем (и комерцијалниот заем ако има таков) и други земени заеми во врска со проектот и кои ќе се отплатат само по овој заем (и комерцијалниот заем ако има таков) ќе бидат целосно отплатени. По склучувањето на Договорот за заем бр.01(2007) и додатокот на истиот, сега тужениот како корисник на заем со тужителот како давател на заем, на ден 21.02.2008 година, склучиле договор за заем, со кој било договорено тужителот да му даде на тужениот позајмица во износ од 450.000,00 евра, која имал обврска да ја врати во рок од 36 месеци од датумот на добивање на односната транша. На ден 17.07.2008 година, тужителот и тужениот склучиле Договор за заем, со кој било договорено тужителот да му даде на тужениот заем во износ од 100.000,00 евра со обврска за враќање до 18.07.2011 година. На ден 17.07.2008 година странките склучиле Договор за заем, со кој тужителот се обврзал да му даде на тужениот заем во износ од 534.470,57 евра, а со обврска за враќање до 18.07.2011 година. Со Договор за заем склучен помеѓу странките од 28.11.2008 година, тужителот се обврзал да му префрли на тужениот износ од 150.000,00 евра, со обврска за враќање до 28.11.2011 година. Со Договор за заем склучен помеѓу странките од 01.12.2008 година, тужителот како заемодавач се обврзал на сега тужениот да му даде заем во износ од

641.365,00 евра, со обврска за враќање на истиот во денари до 28.12.2011 година. На ден 01.12.2008 година, година странките склучиле и Договор за заем, со кој било договорено тужителот да даде заем во износ од 988.235,00 евра, со обврска за враќање до 28.12.2011 година. Странките склучиле Договор за заем и на ден 29.12.2008 година, со кој било договорено тужителот да му даде заем на тужениот во износ од 150.000,00 евра со обврска за враќање до 29.12.2011 година. Странките склучиле Договор за заем и на 25.02.2009 година, со кој било договорено тужителот да даде заем во износ од 1.976.471,00 евра, со обврска за враќање до 25.02.2012 година. На ден 25.02.2009 година, тужителот и тужениот склучиле Договор за заем, со кој било договорено тужителот да даде заем во износ од 1.282.730,00 евра, со обврска за враќање до 25.02.2012 година. Сите договори за заем што биле склучени помеѓу тужителот како заемодавач и тужениот како заемопримач, а кои се предмет на постапката, биле склучени во 2008 година и 2009 година, со рок на отплата до 2011 година и 2012 година. Во сите било договорено дека исплатите од страна на тужениот ќе бидат во денари на сметка на заемодавателот, како и тоа дека заемот се дава без камата. Вкупниот износ на заемите по наведените договори кои ги потпишале тужителот и тужениот изнесува 383.623.254,00 денари, кои уплати се уредно прокнижени кај тужителот и тужениот и по истите воопшто не биле извршени никакви враќања на сметка на тужителот, иако според датумите наведени во договорите, требале да се исплатат во периодот помеѓу 21.02.2011 година до 25.02.2012 година. Во книговодствата на странките не била евидентирана доспеаноста за плаќање на обврските по договорите за заем. Надзорниот одбор на ТЕ-ТО на состанокот од 25.08.2009 година, дал одобрение на Управниот одбор за донесување на одлука за потпишување на Интеркредитниот договор со Комерцијална Банка АД Скопје, LANDES BANKA BERLIN (LBB) и Топлификација АД Скопје, во врска со финансирањето на 220 MW комбиниран циклус за когенизиран електричен погон во Скопје. По добиената согласност од Надзорниот одбор на ТЕ-ТО, на ден 25.08.2009 година бил склучен Интеркредитен договор помеѓу LANDES BANKA BERLIN (LBB) како ЕЦА давател на кредит, Комерцијална Банка АД Скопје како давател на комерцијален кредит, ТЕ-ТО АД како корисник на кредит и Топлификација АД како македонски акционер. На сметката на тужениот биле префрлени средства во висина од 102.898.477,21 евра од страна на LANDES BANKA BERLIN (LBB), со рок на враќање 31.08.2020 година и износ од 7.000.000,00 евра од страна на Комерцијална Банка АД Скопје, со рок на враќање 10.02.2020 година, со тоа што тужениот имал обврска за плаќање на обврските два пати во годината. Во член 9 точка 3 од овој договор, било наведено дека Македонскиот акционер - сега тужителот, прифаќа дека неговите права и барања по однос на било кој кредит одобрен од страна на давателот на кредитот, или засновани на било која друга основа, во целост ќе бидат одложени и подредени на приоритетот на целосно плаќање на сите обврски. Во врска со обврските од наведениот кредит, видно од дополнувањето на супервештачењето од Заводот за вештачење ДООЕЛ Скопје од 17.11.2015 година, е дека тужениот како заемопримател редовно ги сервисирал своите обврски за плаќање на доспеаните рати на Комерцијална банка АД Скопје и на LANDES BANKA BERLIN (LBB). Видно од вештиот наод и мислење од

Република Македонија Врховен суд

17.11.2015 година, на денот на доспевање на последната обврска од договорите за заем, што се предмет на постапката - 25.02.2012 година, тужениот немал доспеана обврска по Интеркредитниот договор за плаќање на ратата спрема Комерцијална банка АД од Скопје, која доспевала на ден 10.08.2012 година, како и дека обврските спрема LANDES BANKA BERLIN (LBB) кои доспевале на ден 30.06.2011 година и на 30.12.2012 година биле целосно исплатени.

Согласно член 545 од Законот за облигационите односи, со договорот за заем се обврзува заемодавецот да му предаде на заемопримачот определен износ пари или определено количество други заменливи предмети, а заемопримачот се обврзува да му го врати по извесно време истиот износ на пари, односно истото количество предмети од ист вид и квалитет.

Согласно член 66 став 1 од истиот закон, договорот е склучен под услов ако неговиот настанок и престанување зависи од неизвесен факт. Согласно став 2 од истиот член, ако е склучен под одложен услов па условот се исполни, договорот дејствува од моментот на неговото склучување, освен ако според законот, природата на работата, или волјата на странките не произлегува ништо друго.

Со оглед на утврдената фактичка состојба, а во смисла на цитираните законски одредби, по наоѓање на овој суд правилно првостепениот суд застанал на стојалиште дека тужителот има доспеано побарување спрема тужениот по договорите за заем, поради што тужбеното барање на тужителот делумно го усвоил и го задолжил тужениот на име долг со износ од 383.623.254,00 денари, со камата.

Имено, првостепениот суд образложил дека по склучување на Договорот за заем бр.01(2007) од 19.10.2007 година и додатокот на Договорот за заем од 25.12.2007 година, странките го склучиле Интеркредитниот договор на ден 25.08.2009 година, во кој со одредбата од член 2.2., било предвидено дека одредбите од тој договор преовладуваат во случај на противречност помеѓу одредбите од тој договор и одредбите од друг финансиски документ. Притоа, според дефиницијата во Интеркредитниот договор, финансиски документ претставува тој договор, Договор за ЕСА кредит, Договор за комерцијален кредит, Документите за обезбедување и секој друг документ или договор кој договорните страни ќе го определат како финансиски документ, а финансиски документ претставува секој од нив. Во оваа насока, со оглед на фактот дека во наведените договори постои противречност на одредбите, правилен е заклучокот на првостепениот суд дека значењето на поимот обврски треба да се цени според дефиницијата на тој поим, содржана во Интеркредитниот договор од 25.08.2009 година. Така, поимот обврски согласно Договорот за заем бр.01(2007) од 19.10.2007 година и Додатокот на Договорот за заем, се однесува на сите обврски по ЕЦА кредитот, а поимот обврски по Интеркредитниот договор се однесува на сите обврски стасани во било кое време, оние кои се должат или се направат на позајмувачот според или во однос на финансиските документи, било сегашни, идни, реални

или можни (и било да се направени самостојно или заеднички како главница, гаранција или во друга функција), вклучувајќи, но не ограничувајќи се на обврските на комерцијалниот заем и обврските на ЕЦА заемот.

Во делот од Интеркредитниот договор, означен како изложување на истиот, точка Ф е наведено: Договорните страни се согласни дека побарувањата и остварувањето на правата против корисникот на кредитот ќе бидат регулирани и подредени на начин определен со овој договор.

Согласно член 9 точка 3 од истиот договор: Македонскиот акционер (Топлификација АД Скопје) сега тужителот, прима на знаење дека неговите права и барања во однос на заемот кој му го дал на позајмувачот (ТЕ-ТО АД Скопје)-сега тужениот, или врз основа на други законски основи, ќе бидат целосно одложени и субординирани спрема приоритет на целосна исплата на сите обврски.

Во член 3.1 од истиот договор, е наведено дека секоја договорна страна е согласна дека Обврските од комерцијалниот кредит и Обврските од ЕЦА кредитот по правото на приоритет на плаќање, во секое време ќе бидат приоритет pari passu и на pro data основа помеѓу нив и дека сите права и барања на Македонскиот акционер во однос на корисникот на кредит, секогаш ќе бидат целосно подредени на сите права и барања од Давателите на кредитот во однос на корисникот на кредитот.

Во член 3.3 од истиот договор, е наведено дека одредбата од клаузулата 3.1 ќе се применува и покрај редот по кој или датите во кои финансиските документи ќе бидат извршувани или било кој од нив се запишани или е дадено известување од било кое лице.

Според првостепениот суд во моментот на склучувањето на договорите за заем помеѓу тужителот и тужениот, странките се согласиле за враќање во роковите кои се определени во истите, а со склучувањето на договорот за Интеркредитирање од 25.08.2009 година, тужителот се согласил со промена на она што е договорено, односно подреденост на обврските на тужениот по наведените заеми во однос на обврските на тужениот спрема банките, што значи доспеаност во определените рокови од договорите за заем, само ако во тоа време во целост се исполнети доспеаните обврски спрема банките. Во оваа насока, субординираноста која е определена со Договорот за интеркредитирање (која е со цел да се даде приоритет при исплата на долговите по кредитот), се однесува и на останати договори за заем што се склучени помеѓу тужителот и тужениот, кои не се предмет на оваа постапка, со други рокови на доспевање, чија исплата ќе биде подредена доколку тужениот има неисплатени обврски на денот на доспеаноста на обврските спрема банките.

Во насока на наведеното, ако се имаат предвид и изведените докази во текот на постапката, од кои произлегува дека подреденоста на обврските по договорите за заем спрема тужителот се однесува само на доспеани обврски по кредитите спрема банките, а особено

супервештачењето од Завод за вештачење ДООЕЛ Скопје, со кое било утврдено дека тужениот немал неисполнети обврски спрема банките кредитори на датумите кога доспевале обврските по договорите за заем, правилно првостепениот суд застанал на стојалиште дека во конкретниот случај настапила доспеаност на обврските по договорите за заем што се склучени помеѓу тужителот и тужениот, поради што следуваше да одлучи како во изреката на првостепената пресуда.

Со оглед на наведеното, следуваше Врховниот суд на Република Македонија да одлучи како во изреката на пресудата, согласно член 387 став 1 од Законот за парничната постапка.

Согласно член 148, член 158 став 2 и член 160 став 2 од Законот за парничната постапка и Тарифата за награда и надоместок на трошоците за работа на адвокатите, судот го задолжи тужениот да му ги надомести на тужителот трошоците на постапката во вкупен износ од 218.576,00 денари, и тоа пред второстепениот суд во вкупен износ од 72.874,00 денари, од кои: за состав на одговор на жалба износ од 41.418,00 денари, зголемени за 18% ДДВ, односно вкупно 48.874,00 денари и за такса за одговор на жалба износ од 24.000,00 денари, како и трошоците на постапката по повод изјавената ревизија во вкупен износ од 145.702,00 денари, од кои: за состав на ревизија износ од 42.120,00 денари зголемени за 18% ДДВ, односно вкупно 49.702,00 денари и за такса за ревизија износ од 96.000,00 денари. Поголемото барање на тужителот за надомест на трошоци за судска такса за одговор за жалба од досудените 24.000,00 денари до побараните 48.000,00 денари, судот го одби како неосновано, ако се има предвид уплатницата приложена кон списите на предметот.

Пресудено во Врховниот суд на Република Македонија на ден 27.12.2017 година под Рев1.бр.197/2017.

Претседател на советот-судија
Киро Здравев с.р.

За точноста на отправокот – т в р д и:секретар